**Боречки клуб ОЛИМПИЈА Штип**
ул. Партизанска Бр. 58 Штип

**До**
**Федерација за боречки спортови на С. Македонија**
- **Дисциплинска комисија**

**ПРЕДМЕТ**: Пријава за сторени потешки дисциплински прекршоци и непочитување на Статут на Федерацијата ,бара

Врз основа на член 2, 16 и 28 од Дисциплинскиот правилник на Федерацијата за боречки спортови на Македонија донесен на 13.10.2010 година, поднесуваме ДИСЦИПЛИНСКА ПРИЈАВА за сторен дисциплински прекршок против сторителите:

1. Бетим Вренези, Претседател на ФБСМ
2. Дејан Богданов, Заменик претседател на ФБСМ
3. Управен одбор на ФБСМ
4. Мустафа Адеми, Генерален Секретар, на ФБСМ
5. Љубомир Лазаревски, секретар на ФБСМ
6. Надзорна комисија

Федерацијата за боречки спортови на Македонија има сторено повеќе тешки повреди против **Боречкиот клуб ОЛИМПИЈА Штип**.

**ОПИС НА НАСТАН**

Управниот одбор на Федерацијата не ја спровела на дело ОДЛУКАТА на Управниот одбор бр.148/0202 од 26.11.2019 година.

Имено, Федерацијата, на 10 декември 2019 година, преку својот емаил: mkd@unitedworldwrestling.org, до боречките Клубови го доставува Известувањето Архивски број на ФБСМ: 149/0202 од 05.12.2019 година, со која се известуват боречките клубови дека пререгистрација и регистрација на борачи за натпреварувачка 2020 година, ќе се врши во периодот од 15.12.2019 до 05.01.2020 година.

Меѓутоа оваа електронска порака, со умисла Федррациајта не ја доставува до Боречкиот клуб ОЛИМПИЈА Штип, со што БК ОЛИМПИЈА неможеше да го оствари своето право, согласно одлуката на ФБСМ, согласно Статутот на Федерацијата, Законот за спорт на СРМ, Прописите на Оединетото светско борење (UWW), како и согласно ОЛИМПИСКАТА ПОВЕЛБА.

Понатаму, да биде уште поапсурдно, Надзорната комисија спротивно на точка 1, член 41 од Статутот на Федерацијата, до Собранието на ФБСМ, кое е одржано на 23.01.2019

година, дала нецелосен и неточен извештај, со наслов: ИЗВЕШТАЈ За материјално финансиско работење на ФБСМ за 2019 година.

Надзорната комисија, дала само ИЗВЕШТАЈ За материјално финансиско работење на ФБСМ за 2019 година. Комисијата, била должна, согласно точка 1 од член 41 од Статутот, да изврши контрола на спроведувањето на целокупната законитост на работењето во работата на Федерацијата.

Да биде, апсурдот уште поголем, од страна на Собранието и горенаведените лица бил усвоен наведениот извештај, без притоа тие да укажат на неговата нецелосност, неисправност и несодржајност, бидејки требало да констатираат дека Федерацијата не го доставила Известувањето Архивски број на ФБСМ: 149/0202 од 05.12.2019 година до БК Олимпија Штип.

Со тоа сторителите, грубо ги прекршиле членовите 8, 16, 17, 40, 41, 42, 43 и 68 од Статутот на Федерацијата.

Тие биле должни да ги информира сите членки – боречки клубови на Федерацијата и воедно позитивно да одговорат на барањата.

Сторителите, вршеле самоволие, злоупотреба на службената положба, и в оедно направиле непоправлива штета на БК ОЛИМПИЈА Штип.

Со тоа, Бетим Вренези, Претседател на ФБСМ, Дејан Богданов, Заменик претседател на ФБСМ, Управен одбор на ФБСМ, Мустафа Адеми, Генерален Секретар, на ФБСМ и Љубомир Лазаревски, секретар на ФБСМ и Надзорната комисија, не го почитувале Статутот и другите акти за регулирање на дејноста на боречкиот спорт во Македонија спорт, односно постапиле спротивно на член 2 од Дисциплинскиот правилник.

**Исто така, сторителите свесно со умисла учествувале во ИЗМАМАТА и ги довеле во заблуда боречките клубови, граѓаните, јавноста како и другите присутни на собранието одржано на 15.01.2020 година во Скопје да гласат нецелосен и невистинит Извештај на Надзорната комисија и воедно директно направила и учествувала во ИЗМАМА, со што ја довеле во заблуда боречката организација (Федерацијата), клубовите, граѓаните, со што грубо ги прекршиле точка 1 и 2 од член 16 од Дисциплинскиот правилник.**

Врз основа на сето горе констатирано и дадените докази, бараме веднаш и неодложно, да постапи согласно Член 21, и се донесат следната дисциплинска казна:

**За функционери и стручни лица: Бетим Вренези, Претседател на ФБСМ, Дејан Богданов, Заменик претседател на ФБСМ, Управен одбор на ФБСМ, Мустафа Адеми, Генерален Секретар, на ФБСМ и Љубомир Лазаревски, секретар на ФБСМ, Регистрационата комисија и Надзорната комисија, да бидат казнет со доживотна забрана за вршење должност во боречката организација.**

Боречки клуб ОЛИМПИЈА Штип

**БК ОЛИМПИЈА Штип**
Марјан Атанасов

_______________________

Докази:

1. Електронска порака преку емаил: mkd@unitedworldwrestling.org, до боречките Клубови
2. Допис ФБСМ Архивски број: 22/0202 од 22.01.2020 година,
3. ИЗВЕШТАЈ За материјално финансиско работење на ФБСМ за 2019 година, доставен од Надзорната комисија.